Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 февруари 2021 година

Скопје, февруари 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 февруари 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:10 часот.

Со седницата претседаваше Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата: Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финанси, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваа и Оливера Нечовска и Светлана Кузмановска, претставници од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Сања Томовска, помошник нотар.

На седницата не учествуваа: претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана и Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од 46-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 февруари 2021 година.**

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Законодавна агенда утврдена согласно Програмата за работа на Владата за 2021 година за период 1.1.2021 - 30.6.2021 година

- Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија

1. Записник од Дваесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 22 февруари 2021 година

2. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Јавната установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско-Струмица

3. Информација за донесување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените на Јавното претпријатие за државни патишта за 2021 година, со Предлог - одлука

4. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното

претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2021 година

5. Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје

6. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог – одлука

7. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист бр.6930, на КП бр.10679, КО Неготино)

8. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист бр.2987, КО Неготино)

9. Информација за продажба на одземени недвижности на прво јавно наддавање, со Предлог – одлука

10. Информација за продажба на одземени недвижности на прво јавно наддавање (Имотен лист бр.1488, КО Неготино), со Предлог одлука

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности

12. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје

13. Барање за давање на трајно користење недвижна ствар на Општина Свети Николе (училиште во с.Горобинци) со Предлог-одлука

14. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

15. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, услуги и трговија Ускана Гара ДООЕЛ с.Мамудовци Кичево

16. Информација за формирање на нов Совет за заштита на потрошувачите, со Предлог – решение и Предлог – одлука

17. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 3/2020 („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 308/20), со Предлог – одлука

18. Информација за доставени Барања број 09-389/1 од 21.1.2021 година и број 03-99/4 од 28.1.2021 година за репрограмирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Општина Штип и Јавното претпријатие Исар Штип за долгот кој го имаат Јавното претпријатие Исар Штип и Општина Штип по основ на правосилни и извршни пресуди ТС-7/15 од 26.11.2015 година и ТС-17/14 од 5.12.2014 година донесени од Основниот суд во Штип поради неможност за отплата на долгот, со Предлог – текст на Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг

19. Информација за дефинирање на клучни учесници и предлог организациона структура за управување со Проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window – NSW), со Предлог – одлука

20. Информација во врска со постапките по тужбените барања за надоместок на штета предизвикана од дивеч под трајна или привремена заштита

21. Информација за површините од ловиштата кои се преклопуваат со дефинираните граници и површина на Армискиот полигон Криволак

22. Информација за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Богословец“ - Свети Николе со кое управува концесионерот Ловечко друштво „Еребица“ – Свети Николе, со Предлог-одлука за еднострано раскинување на Договорот и Предлог-одлука за присилна концесија на дивечот во ловиштето

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на резервоар за вода за пиење во с. Тремник КО Тремник, Општина Неготино, со Предлог – одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2–лесна и незагадувачка индустрија КО Батинци, Општина Студеничани, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Таор, Општина Зелениково, со Предлог – одлука

26. Информација за поништување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија со Предлог-одлука за поништување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во

ловните реони Св. Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга

27. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено поправна установа Затвор Скопје (патничко моторно возило)

28. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје (патнички моторни возила)

29. Информација за одржан Шеснаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што се одржа на 15 мај 2020 година

30. Информација за одржан Шеснаесетти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Европска Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 26 март 2020 година

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом од отворен вид Струга (скенер)

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово (скенер)

33. Предлог-програма за рамномерен регионален развој за 2021 година и 2022 година

34. Информација за проектот/програмата „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија“

35. Информација за Проектот за зајакнување на националните и локалните системи за поддршка на ефективната социоекономска интеграција на (Ромите) повратници од Западен Балкан

36. Предлог-одлука за основање на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација – Скопје

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенција за квалитет во високото образование (информатичка опрема)

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом на Скопје – Скопје

39. Предлог на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

40. Предлог на закон за дополнување на Законот за средното образование, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

41. Понуда од нотар Тања Аспорова од Велес за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 27366 за КО Велес на КП бр. 16003 во место викано Речани

42. Понуда од нотар Вера Станоевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1984 за КО Горно Лисиче-Вонград на КП бр.4073

43. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192317 за КО Драчево 2 на КП бр.1103 викано место Ќупријан

44. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2279 за КО Злокуќани на КП бр.115

45. Известување од извршител Даница Страчкова од Скопје за заклучок за трета усна јавна продажба, доставена под И.бр.2534/15, која ќе се одржи на 23 февруари 2021 година, за КО Кисела Вода 1

46. Известување од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Налог за извршување врз недвижност, доставено под И.бр.742/20 за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9377 за КО Крива Паланка, КП бр.3788/1

47. Кадровски прашања

48. Прашања и предлози

49. Информација за апликација на АД ЕСМ-Скопје за инвестициски грантови од Инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF)

50. Тримесечен извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за периодот од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година и Тримесечен извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за периодот од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година

51. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД Пошта на Северна Македонија“ – Скопје, за периодот јули- септември 2020 година, со дополнување

52. Извештај за работата на Националната комисија за учебници за 2020 година

53. Извештај за спроведени надзори и констатирана состојба во приватни здравствени установи-аптеки во Република Северна Македонија, по однос на издавањето и продажбата на антибиотици

54. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ)

55. Информација за кредитни барања кои ги исполнуваат условите за кредитирање по Јавниот повик бр.1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента Список бр.2 (Ковид 3 кредитна линија), со табеларен приказ

56. Информација за кредитни барања кои ги исполнуваат условите (Список 4) за кредитирање по Јавниот повик бр.1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија)

57. Информација за реализација на КОВИД 3 кредитна линија од Фондот за микро и мали претпријатија и Извештај за кредитни барања кои ги исполнуваат условите (Список 5) по Јавниот повик бр.1

58. Информација за кредитни барања кои ги исполнуваат условите (Список 3) и кои не ги исполнуваат условите (Список 1) за кредитирање по Јавниот повик бр.1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија)

59. Информација за одложување на активирањето на инструментите за присилна наплата за кредитите од Посебниот кредитен фонд КОВИД 1 и кредитите од Компензационите фондови КОВИД 2

60. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови

61. Информација за можноста за преземената обврска за изведување на зајакнување на објектот од сопствени средства по што изведувачот ќе пристапи кон изведување на преостанатите работи по конзерваторскиот проект, поврзани воглавно со фасадата на објектот т.е. да подготви тендерска документација за зајакнување на објектот железничка станица Гевгелија и потоа да тендерира

62. Извештај за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година

63. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на дел од елементите на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Известувањето за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај, подготвено од Министерството за образование и наука

64. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Јавна здравствена установа Општа болница „Др.Ферид Мурад“ - Гостивар сметка за средства од Фондот (737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност за 2019 година на Јавна здравствена установа Општа болница „Др. Ферид Мурад„ - Гостивар сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531)

65. Информација за полугодишен извештај за реализација на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција

66. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и Аеродром „Св. Апостол Павле“ – Охрид, заклучно со декември 2020 година на ТАВ Македонија

67. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план за 2019-2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година (за период јули – декември 2020 година)

68. Информација со извештај за реализација на Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2020 година

69. Информација за членството на Република Северна Македонија во Европско општествено истражување- Европски истражувачки инфраструктуран конзорциум, на англиски јазик: European Social Survey- European Research Infrastructure Consortium- ESS ERIC) и спроведување на 10-от бран анкетно истражување од Спецификација за 10-ти бран (Round 10 Survey Specification for ESS ERIC Member, Observer and Guest Countries V2, July 2020)

70. Информација за доделување на грант преку Дваесет и петтиот повик за техничка помош и за Шестиот повик за инвестициски грант во рамките на ВБИФ за проектот „Изградба на делницата Крива Паланка - граница со Република Бугарија како дел од Коридорот VIII"

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записниокт од 46-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 февруари 2021 година.

*

*          *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- **Законодавна агенда утврдена согласно Програмата за работа на Владата за 2021 година за период 1 јануари 2021 година – 30 јуни 2021 година**

Владата ја разгледа Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.1.2021-30.6.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија врз основа на член 185 став (1), член 60 став (1) алинеја 6 и член 64 ставови (4) и (5) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во врска со член 4 став (1) точки 11 и 13, член 11 став (2), член 20 став (10), член 24 и член 103-а од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија.

- **Користење и имплементација на фондовите од Европската Унија**

Владата ја разгледа Информацијата за отворени прашања за ИПА, како материјал за информирање.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа Записникот од Дваесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 22 февруари 2021 година и Записникот од состанок на Комисијата за заразни болести, одржан на 22 февруари 2021 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Дваесет и петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, одржан на 22 февруари 2021 година.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести Протоколот за вршење превоз на патници – Прилог број 55 да се замени со нов Прилог со кој се дозволува исполнетост на возилото со патници наместо до максимум 50% од вкупниот капацитет да биде до максимум 75% од вкупниот капацитет.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2.

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Јавната установа Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско-Струмица, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените на Јавното претпријатие за државни патишта за 2021 година, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените на Јавно претпријатие за државни патишта за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот (запишан во Имотен лист бр.6283, КО Неготино), во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 7**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист бр.6930, на КП бр.10679, КО Неготино), ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист бр.2987, КО Неготино), ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземени недвижности на прво јавно наддавање, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземени недвижности на прво јавно наддавање (Имотен лист бр.1488, КО Неготино), со Предлог одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности и го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст, со заклучок, Државното правобранителство на Република Северна Македонија да достави Образложение кон Одлуката.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 13**

Владата по Барањето за давање на трајно користење недвижна ствар на Општина Свети Николе (училиште во с. Горобинци) со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Свети Николе, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштвото за производство, услуги и трговија Ускана гара ДООЕЛ с. Мамудовци Кичево, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за формирање на нов Совет за заштита на потрошувачите, со Предлог – решение и Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Решението за именување на членови на Советот за заштита на потрошувачите, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за определување на висината на надоместокот за учество во работата на Советот за заштита на потрошувачите, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 3/2020 („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 308/20), со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – варовник на Производно трговското друштво Голец транс експорт импорт ДООЕЛ с. Желино Желино на локалитетот „КО Желино“ Општина Желино, во предложениот текст.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за доставени Барања број 09-389/1 од 21.1.2021 година и број 03-99/4 од 28.1.2021 година за репрограмирање на долг со воспоставување на нови кредитни услови на Општина Штип и Јавното претпријатие Исар Штип за долгот кој го имаат Јавното претпријатие Исар Штип и Општина Штип по основ на правосилни и извршни пресуди ТС-7/15 од 26.11.2015 година и ТС-17/14 од 5.12.2014 година донесени од Основниот суд во Штип поради неможност за отплата на долгот, со Предлог – текст на Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии заедно со Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје на Штип, како законски застапник на Министерството за финансии да склучат Спогодба за регулирање на начин на исплата на долг со ЈП Исар Штип и Општина Штип заради регулирање на долгот на начин и во износ како што е утврдено во оваа информација и во Нацрт Спогодбата за регулирање на начин на исплата на долг, прилог кон оваа информација, со состојба на 21.1.2021 година.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 19

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за дефинирање на клучни учесници и предлог организациона структура за управување со Проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window – NSW), со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Комитет за управување со Проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window – NSW), во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Царинска управа, како носител и координатор на активностите поврзани со Проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window – NSW), во рок од 10 дена да формира работна група за имплементација на Проектот, со претставници од Министерството за финансии - Царинска управа, Агенцијата за храна и ветеринарство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за земјоделство, Министерството за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство, Агенцијата за лекови и медицински средства, Дирекцијата за радијациона сигурност, Министерството за финансии и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

3. Се задолжуваат Агенцијата за храна и ветеринарство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за земјоделство, Министерството за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство, Агенцијата за лекови и медицински средства, Дирекцијата за радијациона сигурност, Министерството за финансии и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, најдоцна во рок од пет дена до Министерството за финансии-Царинска управа да достават номинации за свои претставници.

Исто така, предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со постапките по тужбените барања за надоместок на штета предизвикана од дивеч под трајна или привремена заштита и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ја следи состојбата со поднесените тужбени барања за надоместок на штета причинета од диви животни под трајна или привремена заштита.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од 60 дена да ја согледа и процени потребата за изменување и дополнување на

Законот за ловство со одредби за начинот и постапката за застрел на дивечот под трајна или привремена заштита како причинител на штета на земјоделските насади, пчелните семејства, домашен добиток и другите земјоделски и градинарски култури, како и за пропишување на управна постапка за надомест на штета од дивеч под трајна или привремена заштита со цел избегнување на судски постапки по тој основ и за тоа да ја информира Владата.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со надлежните државни органи и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Агенцијата за храна и ветеринарство, во рок од 60 дена да ја согледа можноста од законско пропишување на соодветните мерки и правила за соодветна градба и обезбедување на пчелните семејства и другите земјоделски целини наменети за одгледување на земјоделски производи, насади и сл., заради создавање на минимални услови и критериуми за нивна заштита од причинување штета од дивеч под трајна или привремена заштита и за тоа да ја информира Владата.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по поднесено барање или добиена информација, во рок од 24 часа преку тричлена комисија да врши увид на самото место и записнички да констатира постоење на штета причинета од дивеч под трајна или привремена заштита, со наведување на доказите, трагите и други факти кои ја потврдуваат фактичката состојба. Во комисиите задолжително да биде вклучено и лице од Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

5. Записниците на комисиите од Заклучокот број 4 да бидат користени како доказ во судските постапки по тужбените барања за надомест на штета причинета од дивеч под трајна или привремена заштита со цел избегнување на трошоците за обезбедување на докази во судска постапка или за оспорување на тужбените барања кога истото е засновано на вештачење изготвено во судска постапка за обезбедување на докази.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии, дека е потребно да се преземат итни мерки со цел намалување на средствата кои се одвојуваат од Буџетот на Република Северна Македонија поради штетите предизвикани од дивечот под трајна или привремена заштита, притоа имајќи ја предвид и благосостојбата и заштитата на дивечот.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 21

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за површините од ловиштата кои се преклопуваат со дефинираните граници и површина на Армискиот полигон Криволак (најнов текст), поради потребата од дополнително усогласување.

## Точка 22

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за спроведување на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Богословец" - Свети Николе со кое управува концесионерот Ловечко друштво „Еребица" – Свети Николе, со Предлог-одлука за еднострано раскинување на Договорот и Предлог-одлука за присилна концесија на дивечот во ловиштето, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за еднostran раскин на Договорот за концесија на дивечот во ловиштето бр.6 „Богословец" во ловен реон Свети Николе, во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.6 „Богословец" во ловен реон Свети Николе, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на резервоар за вода за пиење во с.Тремник КО Тремник, Општина Неготино, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на резервоар за вода за пиење во с.Тремник КО Тремник, Општина Неготино, во предложениот текст.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 24

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2–лесна и незагадувачка индустрија КО Батинци, Општина Студеничани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка

на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија КО Батинци, Општина Студеничани, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .

## Точка 25

Владата го разгледа најновиот текст Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Таор, Општина Зелениково, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Таор, Општина Зелениково, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 26

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за поништување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија со Предлог-одлука за поништување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Св.Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во присуство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 27

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено поправна установа Затвор Скопје (патничко моторно возило), во предложениот текст.

Исто така, потребно е предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 28

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје (патнички моторни возила), во предложениот текст.

## Точка 29

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за одржан Шеснаесетти состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, што се одржа на 15.5.2020 година, преку видео врска и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, преку користење на Техничка помош од ЕУ, да го финализира Досието за вино и да го достави до Европската комисија, преку Секретаријатот за европски прашања, со цел двете страни да продолжат со активностите за воспоставување на Листа на Протоколот за вино и алкохолни пијалаци, во рамките на Договорот за стабилизација и асоцијација, најдоцна до 30 април 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја достави до Европската комисија на англиски јазик Нацрт - националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот по 2020 година пред нејзиното усвојување, преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до јуни 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја усвои новата методологија за пресметка на цената на водата за наводнување, согласно Програмата за економски реформи, најдоцна до 31 март 2021 година.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја извести Европската комисија за напредокот во спроведувањето на годишните планови од Програмата за економски реформи, вклучително и активностите кои се преземени за исполнување на препораките на Европската комисија во Извештајот за проценка на англиски јазик, преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 31 март 2021 година.

5. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да преземе итни активности за пополнување на слободните работни места во Агенцијата, најдоцна до 31 март 2021 година.

6. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да направи ревизија на законодавството кое се однесува на советодавниот систем, во насока на зајакнување на советодавните агенции, најдоцна до 28 февруари 2021 година.

7. Се задолжува Министерството земјоделство, шумарство и водостопанство да го достави Предлогот на закон за советодавни услуги до Европската комисија, на англиски јазик со кореспондентни табели, преку Секретаријатот за европски прашања, пред неговото донесување од страна на Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 28 февруари 2021 година.

8. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за нус-производи од животинско потекло, најдоцна до 31 март 2021 година.

9. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во 2021 година да обезбеди финансиска поддршка за зголемување на количествата на сирово млеко усогласено со законодавството на ЕУ во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, најдоцна до март 2021 година.

10. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го донесе Националниот акциски план за интегрирана заштита на растенијата, најдоцна до 28 февруари 2021 година.

11. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за производи за заштита на растенијата, најдоцна до 31 март 2021 година.

12. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа да подготви и усвои систем за обука на професионални корисници, советници и дистрибутери на средства за заштита на растенијата, најдоцна до 30 јуни 2021 година.

13. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да воспостави систем за сертифицирање на опремата која се користи при работа со средства за заштита на растенијата, најдоцна до 30 јуни 2021 година.

14. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да продолжи да го усогласува националното законодавство за рибарство и аквакултура со европското законодавство, во делот на пазарна политика и државна помош за рибарство и аквакултура и за тоа да ја извести Европската комисија на следниот состанок на Поткомитетот во мај 2021 година.

15. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да обезбеди и достави информации до Европската комисија, на англиски јазик, преку Секретаријатот за европски прашања, за типот на мерки во делот на рибарство и аквакултура, нивната рационалност, вклучително и критериуми за подобност, како и информации дали тие мерки се национални или се во согласност со Заедничката политика за рибарство на Европската Унија, најдоцна до 31 март 2021 година.

16. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достави до Европска комисија, на англиски јазик, преку Секретаријатот за европски прашања, информации во врска со методологијата за инспекција и контрола која ја спроведува Државниот инспекторат за земјоделство, во делот на рибарство и аквакултура, најдоцна до 28 февруари 2021 година.

17. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достави до Европска комисија, на англиски јазик, преку Секретаријатот за европски прашања информација за билатералните и мултилатералните договори кои ги има Република Северна Македонија, во делот на рибарство и аквакултура, најдоцна до 28 февруари 2021 година.

18. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, да ја достави ажурираната верзија на Националната програма за усогласување на правото на ЕУ, за Поглавје 11 – Земјоделство и рурален развој, Поглавје 12 – Безбедност на храната, ветеринарна фитосанитарна политика и Поглавје 13 – Рибарство, најдоцна до 28 февруари 2021 година.

Истовремено, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за одржан Шеснаесетти состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Европска Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 26 март 2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој да спроведе среднорочна проценка на ефикасноста, ефективноста и влијанието на спроведените мерки, и да ја достави до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во координација со Министерството за образование и наука да достави пишана информација за зголемување на квалитетот и стапката на посетеност на предучилишно образование за деца од 4-6 години на најмалку 50% во наредните четири години, вклучително и распределување на потребниот буџет, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

3. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да достави пишана информација во однос на расположливоста на доволно квалификувани човечки ресурси во Агенцијата за вработување и нејзините партнери, за обезбедување на потребните услуги на пазарот на трудот, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

4. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да достави пишана информација за спроведување на активните мерки за вработување, со посебен фокус на долгорочни и неквалификувани невработени

лица, жени, Роми, и лица со посебни потреби и информација за соодветно следење и проценка на нивната имплементација, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања (копија од Министерството за труд и социјална политика), на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

5. Се задолжува Државниот инспекторат за труд, во соработка со Министерството за труд и социјална политика да достави пишана информација за владините планови за зајакнување на човечките и финансиските ресурси на Државниот инспекторат за труд, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

6. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да достави пишана информација за преземените мерки за зајакнување на двопартитниот и трипартитниот социјален дијалог, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

7. Се задолжува Министерството за труд и социјалната политика да достави пишана информација за ресурсите и институционалниот капацитет за спроведување на реформите што произлегуваат од новиот Закон за социјална заштита и Националната стратегија за деинституционализација и Акцискиот план, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

8. Се задолжува Центарот за управување со кризи да достави пишана информација во однос на постапката за набавка на 112 бројот за вонредни состојби со цел целосна операционализација во целата земја, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

9. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави пишана информација за подготовката на Националната долгорочна ИКТ стратегија, вклучувајќи го временскиот рок за усвојување и спроведување активности, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

10. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави пишана информација за интензивирање на имплементацијата на активностите и создавање на правна рамка што произлегува од донесената Национална стратегија за сајбер безбедност, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

11. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави Кореспондентна табела за усогласување на Нацрт-законот за безбедност на мрежните и информатичките системи со Директивата за безбедност на мрежните и информатичките системи (NIS Директива), до Европската комисија

преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

12. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, а воедно и се укажува на Агенцијата за електронски комуникации, да достават пишана информација за временската рамка за усогласувањето со новиот Европски кодекс за електронски комуникации, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

13. Се укажува на Агенцијата за електронски комуникации да достави пишана информација за преземените неопходни чекори за ограничување на употребата на средства на Агенцијата за електронски комуникации за регулаторни и мониторинг активности од областа на електронските комуникации, во согласност со законодавството на Европска Унија, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

14. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да достави пишана информација за плановите за целосно усогласување на Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги со Директивата за аудио-визуелни медиуми за услуги, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

15. Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие – Македонска радио телевизија, да обезбеди пишани информации за идните планови и преземените активности за реформа на јавниот радиодифузен сервис со цел да се обезбеди негова независност и да се зајакне неговиот капацитет, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, најдоцна до 26 февруари 2021 година;

16. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да номинира ко-претседавач на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика и номинацијата да ја достави до Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 26 февруари 2021 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Казнено - поправен дом од отворен вид Струга (скенер), во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 32

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово (скенер), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 33

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година и 2022 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Предлог-програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година и 2022 година претходно да се разгледа на седница на Советот за рамномерен регионален развој и надлежните работни тела на Владата.

## Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проектот/програмата „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија“ и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно Мислење на Министерството за финансии даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерство за образование и наука за консултант за имплементација и тоа:
- 1.924.380,00 денари од сметка 637 – расходи од основен буџет во 2021 година, 14.934.000,00 денари од сметка 785 – расходи од донации во 2021 година и 10.691.000,00 денари од сметка 786 – расходи од заем во 2021 година
- 6.150.000,00 денари од сметка 637 – расходи од основен буџет во 2022 година и 34.166.667,00 денари од сметка 786 – расходи од заем во 2022 година
- 6.150.000,00 денари од сметка 637 – расходи од основен буџет во 2023 година и 34.166.667,00 денари од сметка 786 – расходи од заем во 2023 година
- 3.870.812,00 денари од сметка 637 – расходи од основен буџет во 2024 година, 12.662.154,00 денари од сметка 785 - расходи од донации во 2024 година и 21.504.513,00 денари од сметка 786 – расходи од заем во 2024 година
- 25.625.000,00 денари од сметка 785 – расходи од донации во 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да го вклучи студентскиот дом Стив Наумов како приоритетен во проектот/програмата „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија“.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука, по склучување на договорот со консултантот за имплементација уште еднаш да ја преоцени

потребата дали треба студентскиот дом Гоце Делчев да го вклучи во проектот/програмата „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија“.

4. Се задолжува Мила Царовска, министер за образование и наука да ги потпише измените на Сепаратниот договор.

**Точка 35**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за Проектот за зајакнување на националните и локалните системи за поддршка на ефективната социоекономска интеграција на (Ромите) повратници од Западен Балкан и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија (советникот за ромски прашања) да ги координираат активностите за имплементацијата на Проектот за зајакнување на националните и локалните системи за поддршка на ефективната социоекономска интеграција на (Ромите) повратници од Западен Балкан, во соработка со Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), во период 2020 – 2024 година, до завршување на Проектот, до крајот на 2024 година.

2. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија (советникот за ромски прашања) двапати годишно да ја информираат Владата за спроведените активности од Проектот за зајакнување на националните и локалните системи за поддршка на ефективната социоекономска интеграција на (Ромите) повратници од Западен Балкан, во период 2020 – 2024 година, до завршување на Проектот, до крајот на 2024 година.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за основање на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за физикална медицина и рехабилитација – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Агенција за квалитет во високото образование (информатичка опрема), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом на Скопје – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата го одложи за наредната седница на Владата разгледувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

## Точка 40

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за средното образование, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

На крај од четиригодишното средно образование учениците, почнувајќи од учебната 2007/2008 година, бираат да полагаат помеѓу:

- државна матура во гимназиското образование;
- училишна матура во гимназиското образование;
- државна матура во средното стручно образование;
- завршен испит во средното стручно образование;
- државна матура во средното уметничко образование;
- училишна матура во средното уметничко образование.

Државната матура во Република Северна Македонија има двојна улога: сертификациона и селективна. Конкретно, спроведувањето на државната матура во четиригодишното средно образование има за цел:

- подигање на општото ниво на знаења, умеења и способности кај учениците;
- следење и контрола на реализацијата на наставните програми;
- заокружување на образованието со испит и стекнување диплома за завршено средно образование;
- поквалитетна и поправедна селекција при влезот во високото образование;
- информирање на учениците, родителите и образовните институции за постигањата на учениците добиени по пат на валидни и веродостојни мерења.

Согласно Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование, во рамките на државната матура се полагаат три екстерни испити, еден интерен испит и проектна задача.

Гимназиско образование

На екстерно ниво се проверува:

- еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература;
- прв изборен наставен предмет: математика или странски јазик (англиски, француски, германски или руски јазик);

- втор изборен наставен предмет: математика, странски јазик (англиски, француски, германски или руски јазик), хемија, физика, филозофија, социологија, биологија и историја.

На интерно ниво се проверува:
- еден изборен општо образовен наставен предмет од Листата на наставни предмети за полагање на државна матура која е дел на Прилозите на Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование (Оваа листа се состои од 17 општо образовни предмети кои се изучуваат минимум 2 години со минимум 2 часа неделно);
- проектна задача.

Четиригодишно стручно образование

На екстерно ниво се проверува:
- еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература;
- прв изборен наставен предмет: математика или странски јазик (англиски, француски, германски или руски јазик);
- втор изборен наставен предмет: математика, странски јазик (англиски, француски, германски или руски јазик), хемија, физика, биологија, историја и бизнис.

На интерно ниво се проверува:
- еден изборен стручен наставен предмет од Листата на стручни наставни предмети за полагање на државна матура која е дел од Прилозите на Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование (Оваа листа се состои од стручни предмети кои се изучуваат минимум 2 години со минимум 2 часа неделно);
- проектна задача.

Средното уметничко образование
На екстерно ниво се проверува:
- еден задолжителен наставен предмет: македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература;
- прв изборен наставен предмет: естетика/филозофија или странски јазик (англиски, француски, германски или руски јазик);
- втор изборен наставен предмет: естетика/филозофија или странски јазик (англиски, француски, германски или руски јазик), историја.

На интерно ниво се проверува:
- еден стручен наставен предмет од Листата на стручни наставни предмети за полагање на државна матура која е дел на Прилозите на Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование (Оваа листа се состои од стручни предмети кои се изучуваат минимум 2 години со минимум 2 часа неделно);
- проектна задача.

Во Предлогот на ОЕЦД за евалуација и оценување во образованието во Република Северна Македонија, државната матура е оценета како една од силните страни на системот за оценување во Северна Македонија.

Дипломата од државната матура претставува услов матурантите да го продолжат своето образование на високообразовните установи во нашата држава. Истата е признаена и на високообразовните установи во странство, па нашите ученици без дополнителни испити го продолжуваат своето образование надвор од Република Северна Македонија.

Селекција на кандидатите за запишување на прв циклус студии во нашата држава од учебната 2007/2008 е општиот успех по сите предмети кој учествува со 60% (максимум 60 поени) и успехот постигнат на државната матура учествува со 40% (максимум 40 поени).

Во изминативе години (не земајќи ја предвид минатата година) во однос на бројот на предмети кои ги полагале матурантите немало промена, освен што бројот на екстерни предмети од два до 2012/2013 се зголеми на три, а пак бројот на интерни предмети од два се намали на еден. Во изминативе години и листата изборни предмети кои можат да се полагаат екстерно постојано се зголемува, се со цел матурантите да имаат повеќе можности за избор.

Поените од државна матура за упис во високообразовните институции во нашата држава од учебната 2012/2013 година (со исклучок на минатата година) се добиваат на следниот начин:

За трите екстерни предмети:
- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е соодветен за студиската програма на која конкурираат, кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот (изразен во проценти) за соодветниот предмет поделен со 20.
- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е несоодветен за студиската програма на која конкурираат, поените од тој предмет, добиени според горната методологија, се множат со фактор 0,5.

По оваа основа можат да се добијат најмногу 30 поени за трите екстерни предмети.

За интерниот предмет:
- Оценката од интерниот предмет кој се полага на државната матура, а кој е соодветен за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множи со коефициент 1,2.
- Оценката од интерниот предмет кој се полага на државната матура, а кој е несоодветен за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множи со коефициент 0,8.

По оваа основа можат да се добијат најмногу 6 поени за соодветен, односно 4 поени за несоодветен интерен предмет.

За проектната задача:
Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу 4 поени.

Доколку би се намалиле бројот на предмети кои се полагаат за државната матура ќе предизвика:

- помала изборност на матурантите (тие би бирале само еден предмет и ако истата година или во наредните години сакаат да се запишат во друга високообразовна институција во земјава или странство, а тој предмет не е во функција на струката, би имале проблем);
- формулата за претворање на успехот од државна матура во бодовите ќе повлече промена, односно 40 поени би се поделиле само на 2 предмети и проектна задача, а не како досега на 4 предмети и проектна задача;
- изменувања во Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит;
- изменувања во Правилник за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование.

Во текот на минатата година сите држави од Западен Балкан кои имаат државна матура ја реализираа, а во оваа учебна година, исто така, нема најавено никакви откажувања на полагањето на државната матура.

Се напоменува дека реализацијата на државната матура е процес кој започнува во декември и се реализира со следната динамика: од 1 до 31 декември е пријавување на учениците во училиште, од 1 до 20 јануари е внесување на пријавите од кандидатите во базата на Државниот испитен центар, до 1 февруари е доставување на Листи на пријавени кандидати од Државниот испитен центар до Училишните матурски комисии и до 15 февруари е доставување на верификувани Листи на пријавени кандидати од Училишните матурски комисии до Државниот испитен центар. Во учебната 2020/2021 година пријавени се вкупно 15295 матуранти.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење за Предлогот на закон за дополнување на Законот за средното образование, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**<u>Точка 41</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Тања Аспорова од Велес за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 27366 за КО Велес на КП бр. 16003 во место викано Речани и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Вера Станоевска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1984 за КО Горно Лисиче-Вонград на КП бр.4073 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.192317 за КО Драчево 2 на КП бр.1103 викано место Ќупријан и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2279 за КО Злокуќани на КП бр.115 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 45**

Владата го симна од Дневен ред Известувањето од извршител Даница Страчкова од Скопје за заклучок за трета усна јавна продажба, доставена под И.бр.2534/15, која ќе се одржи на 23 февруари 2021 година, за КО Кисела Вода 1.

**Точка 46**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Налог за извршување врз недвижност, доставено под И.бр.742/20 за недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9377 за КО Крива Паланка, КП бр.3788/1, за наредната седница на Владата, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, да достави мислење по материјалот.

**Точка 47**

1. Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“ во државна сопственост, ги избра:

- Марина Христовска за независен член,
- Кирил Петров за член и

- Мухарем Имеровски за независен член.

**2.** Владата од должноста претседател, членови и заменици членови на Посебната комисија за утврдување условот-владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија ги разреши:

а) од претседател:
- Снежана Маркова –Пендовски

б) од членови:
- Назухтере Сулемани и
- Габриела Пачовска и

в) од заменици членови:
- Лутфи Акики и
- Арсим Асани

2.1. Владата за претседател, заменик претседател, членови и заменици членови на Посебната комисија за утврдување условот-владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија ги именува:

а) за претседател:
- Назухтере Сулемани

б) за заменик претседател:
- Славица Тодорова

в) за членови:
-Венцо Атанасов и
- Сали Сали

г) за заменици членови:
- Бљерта Камбери Таипи и
- Даниел Јосифовски

**3.** Владата за претседател, секретар и членови на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди ги именува:

а) за претседател:
- Дритан Рамадани од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

б) за секретар:
- Бојан Атанасовски од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

в) за членови:
- Татјана Трајковска од Министерство за финансии,
- Билент Мустафоски од Министерство за финансии,
- Благица Трошанска од Министерство за одбрана,
- Рахим Амдиу од Министерство за економија,
- Илбер Мирта од Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Раде Балабаноски од Управата за хидрометеоролошки работи,
- проф. д-р Јулијана Бојаџиева од Институтот за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија,
- Силвана Трбогазова од Државен инспекторат за земјоделство,
- Снежана Мешкова од Министерството за транспорт и врски,
- Бејназ Арифи од Државен комунален инспекторат,
- Асим Селмани од Дирекција за заштита и спасување,
- Драги Тарчуговски од Центар за управување со кризи,
- Драган Аксентиев од Биро за судски вештачења,
- Здравко Трповски од Триглав Осигурување и
- Дејан Ордевски од Сава Осигурување.

**4.** Владата од должноста членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на вработените во органите на државната управа ги разреши:

- Софија Кузмановска,
- Атула Касуми,
- Сафет Незири,
- Виктор Митевски,
- Хајрие Сопи,
- Валентина Шаурек и
- Никица Бачовски.

4.1. Владата за членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на вработените во органите на државната управа ги назначи:

- Елизабета Тодорова претставник од Министерството за економија,
- Санела Хаџибулиќ претставник од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците,
- Биљана Трајковска претставник од Министерството за образование и наука,
- Розика Бојаџиева претставник од Министерството за финансии,
- Љуљзим Селмани претставник од Министерство за култура,
- Мира Димишковска претставник од Министерство за правда и
- Аднан Селмани претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**5.** Владата ја разреши Кети Смилевска од должноста вршител на должноста заменик-директор на Агенцијата за стоковни резерви.

**6.** Владата го разреши Ванчо Петрушевски од должноста заменик директор на Државниот испитен центар.

**7.** Владата го именува Дритан Имери за вршител на должноста заменик директор на Државниот испитен центар.

**8.** Владата ја именува Кети Костовска за член на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет), на предлог на министерот за образование и наука.

## Точка 48

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 13 февруари 2021 година до 19 февруари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 10 февруари 2021 година до 16 февруари 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Барањето за поништување на Заклучокот од Осумдесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија под бр. 42 – 8317/1 од 23.11.2016 година.

**4.** Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за изградба на фекална канализација во населено место Теарце, Општина Теарце и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1) Даде согласност за започнување на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за изградба на фекална канализација во населено место Теарце, Општина Теарце и за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2021, 2022 и 2023 година на Министерството за животна средина и

просторно планирање, за повеќегодишна набавка за финансирање на активности за изградба на фекална канализација во населено место Теарце, Општина Теарце, во вкупна вредност од 102.308.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2021 година – 30.180.000,00 денари;
- 2022 година – 31.203.940,00 денари и
- 2023 година – 40.924.060,00 денари.

2) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3) Потребните средства за реализација на набавката во 2021 година се обезбедени во рамките на одобрениот Буџет на Република Северна Македонија за 2021 година, во износ од 30.180.000,00 денари во рамките на раздел 12101, Програма 2, Потпрограма 25 Третман на отпадни води, ставка 482 Други градежни објекти, Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за апликација на АД ЕСМ-Скопје за инвестициски грантови од Инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF), како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ги разгледа Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за периодот од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година и Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за периодот од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година, како материјали за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид негативното мислење на Министерството за финансии, со оглед на негативниот финансиски резултат од работењето на Друштвото и укажување извештаите да се доставуваат навремено, односно по завршување на соодветното тромесечје.

Истовремено, предлагачот да достави план за реализација во системот за следење на програми (ППМС), согласно Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 51

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД Пошта на Северна Македонија“ – Скопје, за периодот јули- септември 2020 година, со дополнување, како материјал за информирање.

## Точка 52

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работата на Националната комисија за учебници за 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 53

Владата го разгледа Извештајот за спроведени надзори и констатирана состојба во приватни здравствени установи-аптеки во Република Северна Македонија, по однос на издавањето и продажбата на антибиотици, како материјал за информирање.

## Точка 54

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), како материјал за информирање.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за кредитни барања кои ги исполнуваат условите за кредитирање по Јавниот повик бр.1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента Список бр.2 (Ковид 3 кредитна линија), со табеларен приказ, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за кредитни барања кои ги исполнуваат условите (Список 4) за кредитирање по Јавниот повик бр.1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија), како материјал за информирање.

Исто така предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на КОВИД 3 кредитна линија од Фондот за микро и мали претпријатија и Извештај за кредитни барања кои ги исполнуваат условите (Список 5) по Јавниот повик бр.1, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:
1. Се задолжува Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да продолжи со реализација на бескаматната кредитна линија.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги распредели средствата од буџетската поддршка од првата транша, да ги намени за реализација на мерката – бескаматна кредитна линија со грант компонента (КОВИД 3) и за тоа да ја извести Владата во рок од пет работни дена.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за кредитни барања кои ги исполнуваат условите (Список 3) и кои не ги исполнуваат условите (Список 1) за кредитирање по Јавниот повик бр.1 за кредити од кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија), како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата за одложување на активирањето на инструментите за присилна наплата за кредитите од Посебниот кредитен фонд КОВИД 1 и кредитите од Компензационите фондови КОВИД 2 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Донесе одлука да се одложи активирањето на инструментите за обезбедување по основ на договорите за кредит склучени врз основа на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за условите и критериумите за репласирање на средствата од компензационите фондови од странска помош („Службен весник на Република Северна Македонија бр.105/20), КОВИД 2 кредитна линија, директно кредитирање заклучно со 31.12.2021 година. По истекот на овој рок да се активираат инструментите за обезбедување за сите доспеани побарувања со доцнење над 90 дена и износ од над 5.000,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за финансии да склучи Анекс кон Договорот за администрирање на Посебниот кредитен фонд заведен во Министерството за финансии под бр.51-422/1 од 21.1.2011 година, со кој ќе се предвиди одложување на активирање на инструментите за обезбедување по основ на договорите за кредит

од оваа кредитна линија заклучно со 31.12.2021 година. По истекот на овој рок да се активираат инструментите за обезбедување за сите доспеани побарувања со доцнење над 90 дена и износ од над 5.000,00 денари.

## Точка 60

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови, како материјал за информирање.

Истовремено, потребно е предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за преземената обврска за изведување на зајакнување на објектот од сопствени средства по што изведувачот ќе пристапи кон изведување на преостанатите работи по конзерваторскиот проект, поврзани воглавно со фасадата на објектот т.е. да подготви тендерска документација за зајакнување на објектот железничка станица Гевгелија и потоа да тендерира, како материјал за информирање.

## Точка 62

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 63

Владата ги разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на дел од елементите на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Известувањето за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во Конечниот ревизорски извештај, подготвено од Министерството за образование и наука, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за образование и наука, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на дел од елементите на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 64

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Јавна здравствена установа Општа болница „Др.Ферид Мурад“ - Гостивар сметка за средства од Фондот (737) и Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност за 2019 година на Јавна здравствена установа Општа болница „Др. Ферид Мурад„ - Гостивар сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство да ја задолжи Јавната здравствена установа Општа болница „Др.Ферид Мурад“ - Гостивар, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Јавна здравствена установа Општа болница „Др.Ферид Мурад“ - Гостивар сметка за средства од Фондот (737) и од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност за 2019 година на Јавна здравствена установа Општа болница „Др. Ферид Мурад“ - Гостивар сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531), во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за полугодишен извештај за реализација на годишните планови кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по институција, како материјал за информирање.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и Аеродром „Св. Апостол Павле“ – Охрид, заклучно со декември 2020 година на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

Исто така предлагачот да го има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план за 2019-2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година (за период јули – декември 2020 година), како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата со извештај за реализација на Програмата за обесштетување на дете кое е жртва или е оштетено со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство за 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија .“

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за членството на Република Северна Македонија во Европско општествено истражување- Европски истражувачки инфраструктурен конзорциум, на англиски јазик: European Social Survey- European Research Infrastructure Consortium- ESS ERIC) и спроведување на 10-от бран анкетно истражување од Спецификација за 10-ти бран (Round 10 Survey Specification for ESS ERIC Member, Observer and Guest Countries V2, July 2020)
и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да обезбеди буџетски средства во рамки на буџетот на Министерството за образование и наука за 2021 и 2022 година за реализација на Европското општествено истражување (European social survey- ESS ERIC) согласно Спецификација Волумен 2 за 10-ти бран (Round 10 Survey Specification for ESS ERIC Member, Observer and Guest Countries V2, July 2020) во Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да склучи договор со Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, со цел спроведување на Европското општествено истражување (European social survey- ESS ERIC) согласно Спецификација Волумен 2 за 10-ти бран (Round 10 Survey Specification for ESS ERIC Member, Observer and Guest Countries V2, July 2020) во Република Северна Македонија.

## Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на грант преку Дваесет и петтиот повик за техничка помош и за Шестиот повик за инвестициски грант во рамките на ВБИФ за проектот „Изградба на делницата Крива Паланка - граница со Република Бугарија како дел од Коридорот VIII" и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“ - Скопје, а по претходно добиени позитивни мислења за апликацијата од Министерството за транспорт и врски и од Министерството за финансии, до Секретаријатот за европски прашања да достави ВБИФ апликација во рамки на Дваесет и петтиот повик за техничка помош и за Шестиот повик за инвестициски грант за проектот „Изградба на делницата Крива Паланка - граница со Република Бугарија, како дел од Коридорот VIII, најдоцна до 25 февруари 2021 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во електронскиот систем (МИС) да ја поднесе ВБИФ апликацијата во рамки на Дваесет и петтиот повик за техничка помош и за Шестиот повик за инвестициски грант за проектот „Изградба на делницата Крива Паланка - граница со Република Бугарија, како дел од Коридорот VIII“)“, најдоцна до 26 февруари 2021 година.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:45 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Artan Grubi** |